32878

## Изложби

# Калиграфија на доживеаното

***Самостојна изложба на Рубенс Корубин во Уметничката галерија во Скопје***

Рубенс Корубин ѝ припаѓа на онаа генерација млади уметници (школувани на Академијата за ликовни уметности во Белград), која што продолжи да ја негува, развива и надградува „интегралната слика“ што ја создаде белградската „Медиала“, и на која што ренесансната фигурација и се наметна како надминување на оној научен радикализам и на цитатите на новиот миг и новотенденцијашкиот тип во уметноста. Во своето романтично сликарство со нота на егзистенцијален патос, Рубенс Корубин доаѓа до одредени фрагментарни апсолутизации на вредностите, но користејќи ги како најблизок и на авторот најпогоден начин за понирање во суштината на сликата. Тој анахронизам кој што има своја природна еволуција во творештвото на Корубин, претставува континуирано траење и доследно спроведување на една идеја за трансцедентално и романтичарски вознесено, за чулно и лирско обоено трагање по сеќавањата и по подсвеста, во кои е содржано и прашањето за суштината на човековата егзистенција. Таа повикување на минатото ги вклучува оние клучни евокативни моменти од неговиот живот што како бранови одново и повторно ја заплискуваат сегашноста. Макарштo не би можела да се повлече јасна граница или да се направи остер засек помеѓу постарите и поновите творби, забележливи се извесни благи разлики што би се однесувале на редуцирањето на композиционата целина. Тие всушност тргнуваат и зависат од интензитетот на асоцијациите и силината на сфаќањата и нивното пренесување во сегашноста, т.е. поточно на пренесувањето на сегашноста во минатото. Изобилството детали (во цртежите-линеарно, послободно и во еден здив предадени) што сега добиваат еден поредуциран тон, пробиваат од имагинарните, непостојни граници на просторите и атмосферите и од неизбришливите чекори на детството. Таа патина на минатото што му дава еден фин сфумато на современото живеење и од која се разоткрива превезот на носталгичните спомени, е основен потенцијал на уметничките креации на Корубин, негова препознатлива ликовна лексика и негово вечно „вјеруј“. Загадочни егзистентни личности длабоко врежани во меморијата на уметникот како тивка носталгија и копнеж, што тлее, ги бришат видливите граници на просторот со тонски светлосни валери и со внатрешни рефлекси што ја доловуваат интимата на трошни и кревки сеќавања. Светлосните акценти кои што сега пробиваат во поголема површина за да се разлеат во егзалтиран пробив во сликата „Нека биде ден“, ја навестуваат иднината на ликовно-идејните тенденции, погледи и амбиции на истражувањата на идејниот, тематскиот и мотивскиот комплекс, насочувајќи го кон провокативни и предизвикувачки постулати на утрешнината.

Со простудирана, но и ноншалантна игра на линии, извонредно и со висока ликовна култура изведени сликарски партии, но и со една ноншалантна калиграфија на потезите, Корубин постигнува необични и интересни ефекти каде би можело единствено да се реагира на пренагласено допадливите лекови со ренесансна убавина. Патината на изминатото која ги наткрилува неговите дела загадочно појавувајќи се од перспективните длабочини во личностите фиктивни и фиксирани во имагинацијата на авторот, претставува само еден од модулите на ликовната презентација на внатрешниот сензибилитет на уметникот. Оној друг дел, поинтензивен и посилен се јавува во една друга констелација на мистика на растолкувањето на онаа друга страна на појавното и видливото што пројавува тука секвентно и непрограмски, повеќе како потсвесна игра отколку плански разработена композиција.

**Викторија Васев Димеска**



***Комунист 4 октомври 1985*** бр. 1490.